**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ПРОДУКЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Продукција и менаџмент,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Продукција и менаџмент**, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Санде Смиљанов.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. Љупчо Сотироски,**
**Доцент Горан Апостолоски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**Д-р Санде Илија Смиљанов** роден е на 02.09.1971 година, основното и средното образование го завршува во Скопје. Основното образование го завршува во Основното училиште Страшо Пинџур Скопје, а средното образование во 8 Септември во Скопје. Високото образование го

завршува на Бизнис академија Смилевски со просек од 8.63. Последипломските (master) специјалистички студии ги започнал на Бизнис академија Смилевски и успешно ги завршува со одбрана на специјалистичкиот магистерски труд со наслов „Воспоставување на единствен државен протокол на ниво на Република Македонија"и се стекнал со научното звање МБА Специјалист за стратегиски менаџмент, со просек од 9.00. Докторските студии ги завршува на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на Филозофскиот факултет на Институтот за безбедност одбрана и мир, на тема: Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија, со звање: доктор по општествени науки од полето на безбедност, одбрана и мир, со просечна оцена од: 9.25.

Во 2018 година избран е за истакнат стручњак од практиката за изведување клиничка настава на Факултетот за безбедност во Скопје, по предметот Дипломатија, Меѓународна безбедност и Односи со јавност.

Исто така во 2018 година е избран за истакнат стручњак во практиките, на Бизнис академија Смилевски во Скопје, по наставните предмети: Организирање на настани и менаџмент и Деловен протокол.

Работната кариера ја започнува во периодот од 1993 до 1998 година како директор на своето приватно претпријатие Санденс во Скопје.

Потоа својата работна кариера ја продолжува во орган на државна управа во 2001 година се вработува во Министерството за одбрана на Република Македонија, поточно во Кабинетот на министерот како протокол на министерот за одбрана. Потоа во 2002 година се вработува во Секторот за меѓународна соработка во Министерството за одбрана на Република Македонија, исто така како лице за протокол.

Потоа во 2002 па се до 2006 година преминува во Кабинетот на Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, како офицер за протокол на Началникот на Генераштабот на Армијата на Република Македонија.

Потоа од 2006 па се до 2013 година повторно преминува во Кабинетот на министерот за одбрана, како протокол на министерот за одбрана. Во периодот од јануари до декември 2013 година по овластување на министерот ја обавува функцијата Раководител на Одделение за протокол и преведување во Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка во МО на РМ.

Во периодот од 2013 до 2015 година продолжува со својата работа во Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка како протокол на министерот.

Од 1 Ноември 2015 година со спогодба за преземање преминува во Министерстовот за внатрешни работи на Република Македонија, како советник за протоколарни настани и активности во Одделот за одноди со јавност и стратешшки прашања, во Секторот за односи со јавност и протокол во Одделението за протоколарни настаи и активности.

Во периодот од 2016 до 2018 се унапредува во самостоен советник за протоколарни настани и активности во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, во Секторот за односи со јавност и протокол во Одделението за протоколарни настаи и активности.

Од јули 2018 година е унапреден во Началник на Одделението за протоколарни настани и активности во Секторот за односи со јавнот и протокол во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања во Министерстовот за внатрешни работи на Република Македонија.

Во периодот од 2012 година па се до денес активно настапува на електронските и печатените медиуми во Република Македонија, и тоа следново:

Во 2012 година дава Интервју за протокол за Македонското радио. Потоа во 2015 година дава интервју за дневниот весник Вечер на тема: Како дипломатски да се каже да ил не.

Потоа во 2018 година дава неколку интервјуа за протокол и по повод промоцијата на новата книга за протокол и тоа за Канал 5 телевизија, интервју за МРТВ, за телевизија Сонце и интервју за дневниот веник Вечер и МИА.

Кандидатот Смиљанов во периодот од 2015 до 2016 година активно пишува за месечниот магазин Штит на Министерството за одбрана и тоа следното:

Во 2015 година во 67 број на месечниот магазин Штит под наслов: Протокол, Лидерски карактеристики на одговорните. Во 2016 година во 68 број на месечниот магашин Штит пишува на тема: Единствен државен протокол, потреба и норми за правилно функционирање на државните институции.

Смиљанов во периодот од 2016 па се до 2018 година има учествувано на бројни меѓународни конференции и симпозиуми со свои трудови меѓу кои на следните:

Во 2016 година учествува со свој труд под наслов „Државниот протокол во Република Македонија преку организациска интеграција до поголема ефикасност", на Четвртата меѓународна научна Конференција, Современи менаџерски предизвици и организациските науки, организирана од страна на БАС, Институт за менаџмент- Битола, Република Македонија;

Во 2017 година учествува на Петтиот симпозиум на Бизнис Академија Смилевски и БАС Институт за менаџмент, Менаџментот и современите практики, предметен фокус: Современите трендови во работењето на организациите, Менаџментот и современите практики во организирање и фасилитирање на дводневна планирачка Конференција на експертски тим од земјите учеснички за подготовка на завршен документ на Конференцијата;

Во 2017 година учествува на: 8th International Scientific Conference, Security concepts and policies - new generation of risks and threats, Protocol as a practical tool in defence diplomacy.

Во 2017 година учествува на: International Scientific Conference "Leadership and protocol – study regarding case Republic of Macedonia", the education at the crossroads- conditions, challenges, solutions and perspectives", in Bitola, Republic of Macedonia.

Во 2017 година учествува на: 4th International Scientific Conference „Security Challenges and Universal Standards in the Euro-Atlantic Integration Process", Security System and Telecommunication Surveillance - Macedonia case in Ohrid.

Во 2018 година учествува на: International conference "Economy in transformed security environment-ЕКОВ 2018", in Beograd, Constitution and transformation of Directorate for Security and Counterintelligence (UBK) through its history;

Во 2018 година, учествува на Прва меѓународна конференција, Обезбедување на личности (ВИП и ВВИП) и објекти: Студија на случај, проценка на ризик и методи и тактикина обезбедување на личности и објекти, во Охрид, има презентација на тема:„Посета на странски министер за внатрешни работи на Република Македонија".

Смиљанов во март 2018 година, имал промоција на неговата стручна книга за протокол, на тема:, „Воспоставување на единствен државен протокол на ниво на Република Македонија, истата била промовирана во Амфитеатарот на Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

Во јуни 2019 година, учествува на: International Scientific Conference Urban Security, Enhancing Security in an Urbanized World, University of Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Philosophy – Skopje, Institute for Security, Defense and Peace, Ohrid, со свој труд на тема: „Migrant crisis in Republic of Macedonia, so-called West-Balkan route for migration between January of 2015 and October of 2017".

Во јуни 2019 година објавува научен труд во меѓународното списание: Современа Македонска одбрана, на тема: Протоколот и традициите, E pluribus unum.

Во јули 2019 година пишува труд за меѓународното списание Безбедност, на тема „Протокол на Министерството за внатрешни работи".

Во октомври 2019 година учествува со свој труд на: 1st European Conference for Religious Dialogue and Cooperation, The Role of Religion in Peace and Conflict, PROTOCOL AS A PRACTICAL TOOL FOR PEACE – OFFICIAL APOSTOLIC VISIT OF POPE FRANCIS TO THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, in Struga;

Во мај 2020 година ја промовира својата втора книга: Прирачникот за организирање на конференции и настани во јавна/државна институција, Од А до Ш: Како до совршена конференција?

Во декември 2021 година учествува со свој труд РАКУВАЊЕ ВО УСЛОВИ НА КОРОНА ВИРУС –'НАМАСТЕ'",„CORONA VIRUS HANDLING – 'NAMASTE'", на меѓународна академска Конференција, „Светот после пандемијата на ковид 19: стари и нови одговори на неизвесноста и предизвиците".

Во декември 2021 година, во Скопје ја промовира својата трета книга: „Дипломатијата, протоколот и безбедноста".

Во февруари 2022 година со свој научен труд учествува во меѓународното списание Безбедност, на тема: „(НЕ)НАМЕРНИ ГРЕШКИ ВО ПРОТОКОЛОТ:„ПРАШАЛНИК"ЗА СВЕТСКАТА ДИПЛОМАТИЈА" –„(UN)INTENTIONAL MISTAKES IN FIELD OF PROTOCOL: A QUESTION MARK FOR THE WORLD DIPLOMACY".

Во јули 2022 година учествува на меѓународната конференција: International academic conference, RETHINKING MECHANISMS FOR SECURITY, PEACE AND DEVELOPMENT, Dojran, „PROTOCOL AND PERSONAL SECURITY - CORRELATION, COORDINATION AND COOPERATION FOR MAXIMUM EFFECT".

Во септември 2022 година учествува со свој труд на меѓународната конференција: 13th International Scientific Conference based on 45 years higher education it the field of security which topic is "EDUCATIONAL CHALLENGES AND SECURITY PERSPECTIVES", Struga, „THE INFLUENCE OF THE PROTOCOL THROUGH THE PRISM OF POLICY".

Во октомври 2022 учествува на меѓународната конференција: „INTERNATIONAL FORUM "SAFETY FOR THE FUTURE", Belgrade, „The aspects of the diplomatic protocol through the prism of the Russo-Ukrainian conflict".

Во ноември 2022 година зема учество на меѓународната конференција: Seventh International Scientific Conference "Contemporary Management Challenges and Organizational Sciences", Bitola, „PROTOCOL AND PUBLIC RELATIONS: 'A' (Alpha) AND 'Ω' (OMEGA) OF A WELL-ORGANIZED ACTIVITY";

Се разбира, неговиот труд и посветеност во областа на протоколот-дипломатијата и безбедноста се препознаени од институциите во кои што работи преку повеќето признанија, благодарници, пофалници и плакети доделени за особен придонес во протоколарното работење.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Санде Смиљанов** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Насловен доцент** по група предмети од областа **Продукција и менаџмент,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш**

_______________________________

**Проф. Љупчо Сотироски**

_______________________________

**Доцент Горан Апостолоски**

_______________________________

**Скопје, 28.04.2023**